Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

Engage
*Empower*
**Safeguard**



# Дали имате проблеми во врска со некој давател на услуги за нега на постари лица, со некој работник или пак одговорно лице?

**Можете да направите нешто во врска со тоа.** Ако нешто ве загрижува во врска со негата за постари лица што ја добивате вие или некој друг, тоа може да го кажете на вашиот давател на услуги или на нас.

Имате право да поднесете поплака. Ве поттикнуваме вашиот проблем најнапред да го споделите со или да поднесете поплака кај вашиот давател на услуги. Ова е често најлесниот и најбрзиот начин за решавање на поплака и му дава можност на вашиот давател на услуги да ја подобри својата услуга. Не треба да се чувствувате непријатно или да мислите дека грешите кога поднесувате поплака.

**Вашиот локален контакт во рамки на оваа услуга е:**

Доколку не се чувствувате удобно да го сторите тоа или имате проблеми со решавањето на поплаката од страна на вашиот давател на услуги, за бесплатен совет или за помош стапете во контакт со **Комисијата за квалитет и безбедност на негата за постари лица на 1800 951 822.** Може да поднесете поплака или да ни дадете коментар за некој давател на услуги за нега на постари лица, за некој работник или за одговорно лице. Давањето коментар е начин да ни ги кажете причините за вашата загриженост без да бидете вклучени во тоа како ние се справуваме со нив. Ако сакате, вашата загриженост можете да ја споделите анонимно или во доверба.

Доколку ви е потребна поддршка да ја изразите вашата загриженост, може да ви биде од помош бесплатен застапник. Јавете се на Мрежата за застапување на постари лица (Older Persons Advocacy Network или OPAN) на нивната линија за застапување за нега за постари лица на **1800 700 600**.

Доколку за разговор со нас ви е потребен толкувач, јавете се на Translation and Interpreting Service (Службата за превод и толкување) на **131 450**.

**Телефон**
1800 951 822

**Електронска пошта**
info@agedcarequality.gov.au

**Веб-страница**
agedcarequality.gov.au

**Пишете ни**
Aged Care Quality and Safety Commission
GPO Box 9819, во вашиот главен град